Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на ден од дневните настани 26.07.2023

На 25.07.2023 во 13.30 часот во Струмица, полициски службеници од Секторот за внатрешни Струмица го приведе С.Т.(26) од Струмица. Тој бил баран по централна потерница врз основа на наредба од Основен суд Струмица за издржување на затворска казна во траење од седум години за сторено кривично дело по член 193-а од Кривичниот закон. Лицето било предадено во Казнено – поправната установа Затвор Штип за издржување на казната.

Денеска (26.07.2023), полициски службеници од Единицата недозволена трговија при СВР Скопје во содејство со полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Р.С.(31) од с.Кондово, скопско. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана, автоматска пушка, неколку куршуми за автоматска пушка и осум сакови со развиени стебла од канабис сатива. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно расчистување и документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25.07.2023 во 18.15 часот, полициски службеници од ОВР Ресен ги лишиле од слобода Е.Ј.(27), Р.Р.(30) и Н.А.(26), сите од Ресен. Тие биле затекнати при извршување тешка кражба во фабрика на ул.„Димитар Влахов" во Ресен, при што оделе повеќе предмети. Кај нив биле пронајдени одземените предмети и биле вратени на сопственикот. Лицата биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (26.07.2023) во 00.40 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода К.К.(18) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и метален боксирач. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 25.07.2023 на ул.„Батаљон Стив Наумов" во Битола, полициски службеници од криминалистичката полиција при СВР Битола ги лишиле од слобода Ц.Т.(41) и С.Ј.(27), двајцата од Битола, бидејќи кај Ц.Т. била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 25.07.2023 на улица „Владо Малески" во Струга, полициски службеници од Одделението за недозволенатрговија со дрога при Полициската станица Струга го лишиле од слобода В.Б.(31) од Скопје, затоа што кај него бил пронајден и одземен кокаин. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25.07.2023 во 16.20 часот на улица „Партизанска" во Струга, полициски службеници Полициската станица Струга го лишиле од слобода А.Ж.(57) од Струга, затоа што кај него бил пронајден и одземен пиштол „Еколт", калибар 9 милиметри. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (26.07.2023) во 03.00 часот на Граничниот премин „Меѓународен аеродром Скопје", полициски службеници го лишиле од слобода К.Н.(46) од Белгија. При извршена проверка беше констатирано дека белгиската патна исправа и личната карта биле фалсификувани. Исто така, при дополнителна проверка беше утврдено дека тој остварил влез во државата на 24.07.2023 на Граничниот премин Блаце со турска патна исправа, која при прегледа била пронајдена во неговиот багаж заедно со уште една белгиска возачка дозвола која била фалсификувана. Тој бил предаден на полициски службеници за понатамошна постапка.

Во текот на вчерашниот ден (25.07.2023), во периодот од 17.00 до 23.00 часот, спроведена е акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли, при што санкционирани се 255 возачи. Од нив, 162 возачи не користеле заштитна кацига за време на возење, 56 возеле без возачка дозвола, еден мотоцикл е одземен поради истечена сообраќајна дозвола и предизвикувале голема бучава... За време на контролата санкционирани се и 156 други видови на сообраќајни прекршоци.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (25.07.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 227 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 42 санкции, 11 мерки за возење без возачка дозвола, 49 санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли. Изречени се 12 мерки за користење мобилен телефон при возење, пет санкции за негистрирани возила...

Во текот на вчерашниот ден (25.07.2023) во периодот од 17.00 до 23.00 часот спроведена е акциска контрола на територијата на СВР Битола за санкционирање на прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли, при што санкционирани се 40 возачи. Од нив, 30 возачи не користеле заштитна кацига за време на возење, осум возеле без возачка дозвола... За време на контролата санкционирани се и други видови на сообраќајни прекршоци.

На 25.07.2023 во времето од 17.00 до 23.00 часот на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат мотоцикли. За време на контролата биле констатирани 27 прекршоци, од кои 15 за неносење заштитна кацига, 5 за управување без возачка потврда, 1 за измината важност на осигурителната полиса 2 за нерегистрирани мотоцикли и 4 други видови прекршоци. Истиот ден, на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 17 прекршоци, од кои 9 надвор од населено место и 8 во населено место. Санкционирани биле и 21 други видови на прекршоци, од кои 8 за управување возило без возачка дозвола, 2 за нерегистрирано возило, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 5 за некористење сигурносен појас, 1 за користење мобилен телефон и 4 за непропишно паркирање.

Денеска (26.07.2023) во 00.23 часот во Полициското одделение Македонска Каменица било пријавено дека на локалниот пат Македонска Каменица-с.Цера, патничко возило „лада" со регистарски ознаки од Македонска Каменица, управувано од Г.А.(43) од Македонска Каменица, излетало надвор од пат. Во несреќата возачот се здобил со тешки телесни повреди, а со телесни повреди се здобила сопатничката С.А.(32) од Македонска Каменица, констатирани во Клиничката болница Штип. Увид извршила екипа од Полициското одделение Македонска Каменица.

Денеска (26.07.2023) во 00.05 часот во СВР Охрид било пријавено дека на магистралниот пат Охрид – Ресен, кај с.Лесокеј, охридско, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „опел" со охридски регистарски ознаки, управувано од Д.Н.(31) од Охрид и патничко возило „пежо" со битолски регистарски ознаки, управувано од З.К.(53) од с. Горно Оризари, битолско. Во несреќата се тешки телесни повреди се здобил возачот на возилото „опел", констатирани во Општа болница Охрид, додека со телесни повреди се здобил возачот на возилото „пежо" и неговиот сопатник Н.А. од Охрид. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Охрид.

На 25.07.2023, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода М.Ј. (39) од Струмица. Тој бил затекнат како во возило комбе „мерцедес" со странски регистарски ознаки врши меѓународен превоз на патници без да поседува лиценца од Министерство за транспорт и врски. М.Ј. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 25.07.2023 во периодот од 17.00 до 23.00 часот, полициските службеници на СВР Тетово спроведоа контрола на мотоцикли, при што биле констатирани и санкционирани вкупно 14 прекршоци (ТЕ-12 и ГВ-2), од кои поголемиот ден, односно 11 биле за некористење на заштитен шлем (кацига). Во текот на вчерашната контрола биле констатирани и 47 останати прекршоци (ТЕ-33 и ГВ-14). Исто така, вчера во периодот од 08.00 до 20.00 часот, при засилени мерки и контроли биле констатирани и санкционирани 15 прекршоци (ТЕ-8 и ГВ-7) пречекорување на максималната дозволена брзина надвор од населено место. На сите возачи - прекршители им биле изготвени и законски предвидените поднесоци.

СВР Скопје – Единица за насилен криминал – Одделение за кревни и сексуални деликти поднесе кривична пријава против З.П.(63) од с.Миладиновци, скопско, поради постоење основи на сомнение дека на 24.07.2023 во возо, кој сообраќаја на релацијата Битола – Скопје, допирал по телото малолетничка и се самозадоволувалред малолетнички. Тој бил лишен од слобода истиот ден во 21.00 часот во возот, а на 25.07. му е поднесена пријавата и бил изведен пред судија на претходна постапка, кој му определил мерка притвор.

На 25.07.2023 во 20.05 часот, полициските службеници од СВР Тетово ја приведе 42-годишната С.Ш. од Скопје. Таа била пријавена од раководителот во Наплатна станица Желино дека врши питачење и го оневозможува движењето на возилата, движејќи се по коловоз на автопатот. Пријавената била одделена од автопатот и ќе се соочи со соодветен поднесок.

На 25.07.2023 во 23.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Центар бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу М.Д.(18), А.К.(19), М.П.(18), А.А.(18) и М.С.(18) од една страна и С.П.(20), Б.Л.(19), Д.Л.(48), А.Л.(46) и А.С.(19) од друга страна, сите од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 25.07.2023 во 12.10 часот во СВР Скопје, Е.С.С.(49) од Скопје пријавила дека на 24.07.2023 околу 23.00 часот на подрачјето на Карпош нејзиниот малолетен син, по претходни недоразбирања, бил физички нападнат од една малолетничка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.07.2023 во 17.10 часот во Полициското одделение Галате, М.Ќ.(67) од гостиварско Врапчиште пријавил дека неговиот малолетен внук од Република Словачка во Врапчиште бил каснат од куче скитник.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против К.П. (59), поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и трговање со оружје или експлозивни материи". На 05.07.2023, полициски службеници извршиле претрес во дом на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени имитатор за експлозија, запалки, синтетичко пакување со налик на рачна бомба, иницијални капсули за полнење на ловечка муниција, 349 парчиња муниција, тромблон и ловечки патрони, кои нелегално ги поседувал.

На 25.07.2023 во 20.00 часот во СВР Скопје, А.А.(36) од Скопје пријавила дека во с.Визбегово, скопско, нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од М.М.(25) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 25.07.2023 во 15.00 часот во Полициската станица Карпош, од Јавна установа за згрижување на деца било пријавено дека од установата се одделечил нивниот штитеник Р.U.M.(16), кој и претходно во повеќе наврати се одделечувал и бил вракан назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

ОВР Радовиш поднесе кривична пријава против С.Д.(62) од Радовиш, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „злоупотреба на службената положба и овластување" и „надриписарство". Во јуни 2023 година пријавената, вработена како службеник во Агенцијата за катастар на недвижности на РСМ – подрачно одделение Радовиш, ја злоупотребила службената положба и овластување на тој начин што на лице од с.Ракитец понудила и му изготвила правен акт – договор за отстапување на имот за одреден надомест иако за изготвување на такви договори не била овластена.

На 26.07.2023 околу 03.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Арачиново, скопско, три лица од кои еден имал остар предмет, нападнале малолетник од Арачиново и му нанеле исечениа на рака, по што му одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Ѓ.Ц.(33) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „запуштање и малтретирање на дете". Во јуни 2023, пријавената ја запоставила својата родителска должност за грижа и воспитување на нејзиниот малолетен син и на тој начин придонела тој во два наврата да извреши кражби на подрачјето на Куманово.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против И.П. (27), поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". На 12.06.2023 на перонот број 4 на Железничката станица Скопје, пријавениот со закана извршил разбојништво над И.Д., одземајќи му мобилен телефон и парични средства во износ од 2.000 денари.

На 25.07.2023 во 14.50 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, Ј.Ш.(47) од Скопје пријавил дека се одделечиле малолетничките М.А.(14) и М.Ш.(15) на кои им бил згрижувач, а му биле доделени од Јавна установа за згрижување на деца. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицата.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Б.К.(25), Д.М.(28) и М.К.(22), сите од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 17.04.2023 во угостителски објект во Куманово, пријавените физички ги нападнале Б.М. и С.К. од Куманово.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Г.Ѓ.(46) и И.Ѓ.(47), двајцата од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „соизвршителство" во врска со кривично дело „насилство". На 16.07.2023 во населба Оризари – Кочани, пријавените физички го нападнале А.Д..

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Н.Е.(43) поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „убиство во обид". На 16.07.2023 на улица „Јустинијан Први" во Скопје, по претходна расправија поради нарушени меѓусебни односи, пријавениот со пиштол пукал кон Б.Р.(47) и му нанел тешки телесни повреди.

СВР Штип поднесе кривична пријава против С.С.(27) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „лажно преставување" и „злоупотреба на лични податоци". Во периодот од 03.07.2023 до 08.07.2023, пријавениот на социјалната мрежа Фејсбук креирал лажни профили, злоупотребувајќи ги податоците и фотографии на двајца вработени во СВР Штип, при што лажно се преставувал во нивно име и во тој наврати довел во заблуда лице, изнудувајќи му 5.400 денари.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против М.С.(50) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 07.06.2023 во угостителски објект во Куманово, по претходна расправија, пријавениот со нож и нанел повреда на Ѓ.И.(41) од Куманово.

На 25.07.2024 во 15.09 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Ловќенска" во Скопје, неколку лица, кои биле вооружени, ставиле сеф во патничко возило со скопски регистарски ознаки, кој претходно го одзеле од куќа. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Радовиш поднесе кривична пријава против Д.Т.(23) од Радовиш, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „перење пари и други приноси од казнено дело". На 02.03.2023 на локација во село Зарглулица, радовишко, каде повремено престојува пријавениот, полициски службеници од ОВР Радовиш и Одделе за криминалистичка полиција при БЈБ, а во координација со Царинска управа, Државен пазарен инспекторат и Инспекторат за животна средина, извршиле претрес, при што биле пронајдени 1.900 евра и 42.000 денари, кои се одземени под сомнение дека потекнуваат од кривично дело, бидејќи пријавениот не приложил доказ за потеклото на паричните средства.

На 25.07.2023 во СВР Битола, С.Д.(73) од Битола пријавил дека во Градскиот базар во Битола бил каснат од куче скитник.

На 25.07.2023 во СВР Битола, С.Т.(60) од Битола пријавил дека на ул.„Канинска" во Битола бил каснат од куче скитник.

ПРИЈАВИ ВО ВОРТУНА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поштa: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет